# Кога девојчињата и момчињата почнуваат да претпочитаат родово стереотипни играчки?

Дали момчињата претпочитаат да играат со камиони и топки, а девојчињата со кукли, зашто од рана возраст се социјализираат да си играат на ваков начин, или нивните навики се одраз на вродени разлики во интересите помеѓу машките и женските? Ова е контраверзно прашање, особено ако се земе предвид големата родова диспропорција во области како наука, спорт или политика. Доколку се најдат докази за многу рани родови разлики во изборот на играчки, тоа може да значи дека момчињата и девојчињата се насочуваат кон различни кариерни патишта не само заради културните очекувања или разлики во можностите, туку и заради вродените спротивни диспозиции.

Новото истражување објавено во *Развој на доенчиња и деца (Infant and Child Development)* придонесува кон одговорот на ова прашање така што тестира кои играчки ги претпочитале децата од 9 до 32 месечна возраст за време на сесија со слободна игра во нивната градинка. Резултатите, иако придружени со одредени ограничувања, изгледа како да ја поддржуваат идејата дека момчињата и девојчињата претпочитаат различни играчки пред воопшто да бидат свесни за својот род. Ова важи дури и во одсуство на нивните родители, кои би можеле да влијаат врз децата да си играат на родово стереотипен начин.

Самите истражувачи не ја врамуваат нивната студија во термини на родови политики – наместо тоа тие забележуваат дека родовите разлики во преферирање на играчки се “од интерес на грижата за децата, образовната практика и развојната теорија“.

Бренда Тод и тимот тестирале 47 девојчиња и 54 момчиња во четири мултикултурни градинки во Лондон. Секое дете било тестирано од женски истражувач во тивка просторија подалеку од другите деца во градинката. Детето било опкружено со седум играчки поставени во полукруг. Играчките биле стереотипно машки (количка, плишано рече, багер, топка) или стереотипно женски (кукла, розева плишана мечка, тенџере). Играчките биле поставени по случаен редослед на дофат на детето. Детето било охрабрувано од истражувачите „да си игра со која и да сака играчка“. Во следните три минути, истражувачите прибележувале на секои пет секунди дали детето намерно држи, допира или преместува некоја од играчките.

Истражувачите ги поделиле децата во три возрасни групи: 9-17 месеци, 18-23 месеци и 24-32 месеци. Резултатите биле слични за секоја возраст – момчињата покажувале повеќе интерес и си играле повеќе со „машки“ играчки, а девојчињата покажале слична наклонетост кон „женски“ играчки. Статистички кажано, ефектот за овие разлики бил голем.  Дополнително било утврдено дека родовите преференци покажувале различна развојна траекторија за двата рода: како што момчињата станувале поголеми толку посилно претпочитале „машки“ играчки, додека девојчињата започнале со многу силна преференца за „женски“ играчки којашто се намалила во “само силна“ преференца кај постарата возрасна група.

Загрижувачки е  тоа што можеби децата  биле под влијание на присуството на нивните врсници во друг дел од собата – претходните истражувања имаат покажано дека е поверојатно децата да играат на родово стереотипни начини кога се со своите врсници. Исто така, многу е возможно  децата веќе да биле под влијание за да си играат со одредени играчки од страна на родителите или други лица кои се грижат за нив. Сепак, истражувачите заклучуваат дека „наодите за родови разлики во преференците за играчки пред возраста на која се покажува родовиот идентитет се конзистентни со биолошките објаснувања за преференците на играчки.“ Тие додаваат дека нивните резултати исто така се во согласност со претходните истражувања коишто користат различни методи, вклучитечно и студија што покажува дека доенчиња на возраст од три месеци покажуваат преференца да гледаат во родово стереотипни играчки што се во склад со нивниот род.

Изворниот текст може да се најде на: http://digest.bps.org.uk/2016/06/when-do-girls-and-boys-start-preferring.html